USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
USAID PROJECT FOR MEDIA LEGAL REFORM AND RESPONSIBLE MEDIA

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

# МОНИТОРИНГ

## извештај за работата на Советот за радиодифузија (јануари - јули 2013 година)



Автор: Јета Жута

Скопје,
ноември 2013

Програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија,
Проект за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера

Оваа публикација/извештај е подготвен/а од стана на Центарот за развој на медиуми со великодушна поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на Центарот за развој на медиуми и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на владата на Соединетите Американски Држави.

# Мониторинг - извештај за работата на Советот за радиодифузија

(јануари - јули 2013 година)

# ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми, во периодот од 1 јануари до 30 јули 2013 година, ја следеше работата на неколку институции кои играат важна улога во сферата на медиумите. Советот за радиодифузија (СРД) е една од најважните институции која, како независно и непрофитно регулаторно тело, се грижи за обезбедување на слободата и на плурализмот во изразувањето; за постоењето разновидни, независни, професионални и самостојни медиуми; за економски и технолошки развој на дејноста и за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност.[1]

Во согласност со Законот за радиодифузната дејност (ЗРД), Советот за радиодифузија има вкупно петнаесет членови и работи со кворум од најмалку девет членови, додека, пак, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, односно осум. Во составот на СРД, од вкупно петнаесет членови само еден е жена, што покажува дека при изборот на составот на СРД воопшто не се води сметка за еднаквата родова застапеност.

Работата на Советот за радиодифузија, според член 33 од ЗРД, е јавна и тој работи и одлучува на јавни седници, освен во случаите кога се изнесуваат информации што имаат доверлив карактер.

За време на анализираниот период од седум месеци, тимот на ЦРМ следеше вкупно 27 седници на Советот. Вообичаено, седниците се одржуваат два пати во неделата. Интензитетот на закажување и одржување на седниците зависи од важноста и итноста на определени прашања и проблеми за кои СРД треба да дискутура и да донесе одлука. На интернет-страницата на СРД, неколку дена однапред се објавува соопштение за наредната седница. Преку овие соопштенија се објавува дневниот ред на закажаната седница, а по завршувањето на секоја седница се објавува хроника. По неколку недели, на интернет-страницата се објавува и записникот од одржаната седница.

Тимот на ЦРМ го следеше начинот на кој работи СРД, односно дали е тоа во согласност со законските и подзаконските акти. Советот работи според Деловник кој не е целосно во согласност со ЗРД. Овој проблем подетално е анализиран во Анализата на подзаконските акти подготвена од ЦРМ.

1 Член 21 од Законот за радиодифузна дејност, „Службен весник на РМ“, бр. 07-4190/1 од 09.11.2005 година

# I.  ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Јавноста во работата на СРД е предвидена со закон и Советот е должен да ги почитува принципите на јавност и транспарентност.[2] Во неколку случаи, било на почетокот, на крајот или за време на седниците, тимот на ЦРМ, заедно со сите новинари, беше отстранет од седницата заради тоа што, според претседателот на СРД, членовите (а понекогаш и неколкумина вработени од стручната служба) требало да се координираат за определено прашање или проблем од дневниот ред.

„Координацијата" на членовите на Советот за радиодифузија не е предвидена со Деловникот на СРД. Ниту ЗРД, ниту кој било подзаконски акт донесен од страна на СРД, не му дава право на Советот да ја исклучи јавноста од седниците и надвор од „очите на јавноста" да дискутира за дилеми или несогласувања меѓу членовите на Советот за определени прашања. Напротив, единствениот случај кога јавноста може да биде исклучена е кога на седница се изнесуваат информации што имаат доверлив карактер.

На петнаесеттата седница на СРД, одржана на 21 март 2013 година, на дневен ред беше точката за извештаите од мониторингот на медиумското покривање на изборната кампања. Освен за другите радиодифузери на кои им беа пратени укажувања, писмени опомени или против кои беше поведена прекршочна постапка, Советот дискутираше и за прекршувањата на ТВ Сител и вториот канал на Македонското радио[3], при што мислењата на членовите на Советот беа поделени. Според некои членови на СРД, прекршувањето не претставуваше голем прекршок и предложија на овие два радиодифузери да им се упати само укажување, додека според други членови стануваше збор за сериозно прекршување и тие сметаа дека треба да се поведе прекршочна постапка.[4] Бидејќи немаше доволен број гласови за донесување одлука, претседателот на Советот најави дека за ова прашање ќе треба да се одржи дополнителна координација меѓу членовите на СРД.

Воедно, на истата седница, Советот одлучи Извештајот од мониторингот на програмата на МРТ, Македонско радио - Радио Скопје, емитувана на 14 март 2013 година да се разгледа прво на координација и да се одложи за продолжението на 15-тата седница, па така, за прекршокот направен од страна на вториот канал на Македонско радио воопшто не беше

2 Член 33 од Законот за радиодифузна дејност, „Службен весник на РМ", бр. 07-4190/1 од 09.11.2005 година

3 ТВ Сител и вториот канал на МР го прекршиле член 75 од Изборниот законик, како и член 30 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, односно при објавување на резултатите од испитување на јавното мислење не обезбедиле информација во врска со тоа кој бил нарачателот на испитувањето.

4 За предлогот на радиодифузерите да им се испрати укажување, 7 членови на Советот гласаа за, 5 беа против и 2 воздржани.

дискутирано.

На 27 март 2013 година беше одржано продолжение на оваа седница, на која беа разгледани овие две точки.[5] Со 11 гласа „за“ и 3 „воздржани“, Советот без дискусија, на експресен начин, донесе одлука на двата радиодифузери да им се упати само укажување, што значи дека за 7 дена Советот, за истата точка, гласал два пати, при што првиот пат „за“ гласале само 7 членови, а вториот пат, дури 11, и сето тоа како резултат на координацијата.

Мора да се нагласи дека во наведениот случај станува збор за два радиодифузери за кои при мониторирањето на изборната кампања, во извештаите на Советот беше заклучено дека имаат драстична неизбалансираност во медиумското покривање на политичките партии.[6]

Постапувањето на Советот во конкретниот случај отвора дилеми дали навистина оваа институција е независна и непристрасна, и дали навистина ги штити интересите на граѓаните во радиодифузната дејност.

Иако, според ЗРД, седниците се јавни за сите заинтересирани страни, воспоставената практика на „координација“ укажува на тоа дека Советот не е транспарентен, односно дека некои одлуки се донесуваат „зад затворени врати“, а потоа, пред јавноста, само формално на седница се гласа за нив. Ваквиот начин на работа на СРД е во спротивност со функцијата која ја има како независен и непрофитен орган.

Практиката на исклучување на јавноста од седниците се применуваше и при донесувањето неколку одлуки што се однесуваат на финансирањето на Советот, односно на орочување на средствата на Советот за радиодифузија. На 18-тата седница на Советот, одржана на 10 април 2013 година, една од точките на дневен ред беше и Предлог-одлуката за орочување на средствата на Советот за радиодифузија. Пред изјаснувањето на членовите за оваа точка, претседателот на Советот побара сите новинари да ја напуштат салата. Кога заврши седницата, на нашето прашање зошто бевме отстранети, добивме одговор дека така постапиле со цел новинарите да не дознаат за каматните стапки што ги нуди банката бидејќи таква е нејзината политика. Во овој случај треба да се истакне дека Советот противзаконски ги отстрани новинарите од седницата, но и дека орочувањето парични средства во банка е противзаконско затоа што СРД е непрофитна организација.

5 Извештај од мониторингот на програмата на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувана на 16 и 17 март 2013 година, и Извештај од мониторингот на програмата на ЈП МРТ, Македонско радио - Радио Скопје, емитувана на 14 март 2013 година

6 Наодите на СРД се дека за време на локалните избори 2013 година „најголема неизбалансираност е регистрирана кај: МРТ1, Македонско радио - Прва програма и ТВ Сител,“ во: СРД, Извештај од медиумското покривање на изборната кампања за локалните избори 2013 година, стр. 11.

# II. НАЧИН НА ОДВИВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

Седниците на Советот се закажуваат неколку дена пред нивното одржување и на официјалната интернет-страница се објавува соопштение со дневниот ред..

Во текот на седумте месеци кога се следеше работата на Советот, најмалку два пати беа закажани седници, и тоа само еден ден, па дури и само неколку часа пред нивното одржување. Ова е во спротивност со Деловникот на СРД. Во неколку случаи, во последен момент се менуваше дневниот ред и тоа во однос на многу важни и клучни прашања. Ваквиот начин на закажување на седниците им ја оневозможува соодветната подготовка на членовите на Советот. Таков пример беше 19-тата седница, одржана на 17 април 2013 година, на која, на предлог на претседателот на Советот, беше сменет дневниот ред, односно беше додадена точката за објавување конкурс за доделување дозвола за терестеријална телевизија. Еден член на Советот бараше оваа точка од дневниот ред да се одложи, бидејќи материјалите му биле доставени многу доцна. Неговото барање не беше уважено. Од друга страна, треба да се истакне и тоа дека во периодот од седум месеци само два пати членовите на СРД предложија да се дополни дневниот ред. Ова говори за недостигот од иницијативност на членовите на СРД.

Вообичаено, седниците почнуваат на време и траат од 40 до 60 минути. Како прва точка од дневниот ред речиси секогаш е усвојувањето на записникот на една од минатите седници. Иако со Деловникот е предвидено на секоја седница да се усвојува записникот од претходната седница, Советот тоа не го почитува доследно и најчесто на седниците се усвојува записникот од поранешните седници (на пример, од пред три-четири седници).

За точките од дневниот ред, доколку е потребно, образложение даваат лицата од стручната служба, а, едновремено, тие даваат предлог заклучок за кој потоа гласаат членовите на Советот. Претседателот на Советот секогаш отвора дискусија за конкретното прашање. Многу често се случува одлуките да се донесат без воопшто да се дискутира за нив од страна на членовите на Советот. Тие едноставно не се јавуваат за збор, по што се преминува на гласање за конкретното прашање.

Во таа смисла, мора да се спомне дека бројот на членовите кои се активни на седниците е многу мал. Всушност, станува збор за само 3 до 4 члена кои редовно се јавуваат за дискусија и кои пристапуваат критички кон работењето и одлуките на Советот. Тие ги следат записниците пред усвојувањето, ги забележуваат сите недостатоци и ги истакнуваат измените кои записникот треба да ги претрпи.

Од друга страна, најголемиот број членови на Советот се пасивни во дискусиите, не учествуваат во дебатите за конкретните прашања што се на

дневен ред и, практично, нивното учество на седниците се сведува само на гласање за точките предвидени со дневниот ред. Неактивноста во дискусиите се забележува и кај самиот претседател, од кој логично се очекува да биде еден од членовите со поголемо и поактивно учество во дискусиите. Неговата активност најчесто се сведува само на водење на седниците од технички аспект.

Некогаш седниците траат само 25 - 30 минути и тоа е последица токму на тој недостиг од активна дискусија на сите членови на СРД. На пример, една седница на која се усвојуваат 15 или 20 точки од дневниот ред трае само околу 40 минути. Ваквата состојба е проблематична, особено кога станува збор за важни прашања и за одлуки кои бараат темелна, квалитетна и суштинска дискусија. Најдобар пример за ова е 34-тата седница на Советот, одржана на 10 јули 2013 година, на која имаше 23 точки на дневниот ред. Имаше 14 барања за регистрација на пакети за програмски сервиси. Седницата започна во 11.15 часот, а заврши во 12.00 часот. За само 45 минути беа усвоени дури 23 точки од дневниот ред. Притоа, за сите 14 барања за регистрација на пакети не се јави за дискусија ниту еден член на Советот.

Пасивноста и неактивноста на членовите на СРД, кои не ретко се само гласачка машинерија, неминовно ја наметнува потребата од преиспитување на критериумите за избор на членови на Советот. Од податоците приложени на интернет-страницата на Советот за радиодифузија може да се заклучи дека од вкупно 15 членови, само четворица имаат искуство во медиумската сфера, а само еден е дипломиран новинар. За да се подобри квалитетот и компетенцијата на СРД, препорачуваме лицата кои се предлагаат за членови на СРД да имаат експертиза и искуство во областа на радиодифузијата, медиумите, новинарството и комуникациите. Собранието на Република Македонија, како институција која ги избира и разрешува членовите на Советот за радиодифузија, треба да покаже поголема одговорност во изборот и именувањето на членовите на СРД.

# III. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Тимот на ЦРМ, за време на периодот на мониторинг, се соочи со тешкотии кога е во прашање слободниот пристап до информации од јавен карактер. Во мај 2013 година испративме барање до Советот да ни ги достави одлуките кои беа донесени во текот на 2011 и 2012 година. Одлуките беа побарани за да послужат во изготвувањето на анализата за тоа како СРД ги носи одлуките. Советот побара да се намали бројот на бараните одлуки, па ЦРМ одново испрати барање, но овој пат за помал број одлуки. Одлуките не ги добивме во рокот определен со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, но, сепак, тие ни беа доставени во текот на јули 2013 година.

# IV. ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Според ЗРД, Советот има улога да ги штити интересите на граѓаните во сферата на радиодифузната дејност. За таа цел, Деловникот за работа на Советот, во членот 32, предвидува мониторингот на радиодифузерите да се врши и врз основа на претставки од граѓаните.

Во периодот на мониторингот, Советот не постапуваше по претставки од граѓаните, затоа што до СРД не беше доставена ниту една претставка од страна на граѓани или граѓански групи. Ова наведува на констатација дека граѓаните најверојатно воопшто не знаат или, пак, немаат доволно информации за можноста да реагираат до Советот и да бараат тој да решава според нивни претставки.

Имајќи го предвид ова, препорачуваме Советот преку јавна кампања, на пример, на програмите на јавниот радиодифузер, но и преку други форми на промоција, да ги информира граѓаните за нивната улога во работата на СРД и во подобрувањето на квалитетот на програмите и содржините на радиодифузерите во Македонија.

# V. ИЗРЕКУВАЊЕ МЕРКИ

Во ноември 2012 година, Советот за радиодифузија изготви Прирачник за изрекување и извршување мерки, во кој на детален начин е објаснета процедурата на изрекување мерки од страна на Советот кон радиодифузерите, како и начинот на кој радиодифузерот е должен да ги извршува донесените мерки. Овој прирачник е донесен врз основа на ЗРД и Деловникот за работа на Советот. Иако овој прирачник е наменет да им помогне и на Советот и на радиодифузерите, во правилното спроведување на мерките, практиката покажува сериозни пропусти на СРД.

Советот за радиодифузија, пред да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд за одредени прекршувања на ЗРД, спроведува постапка за порамнување, која има за цел да го намали бројот на предметите пред судовите. На ваков начин, радиодифузерите плаќаат половина од минималната сума која е предвидена како глоба. Според анализата на прекршочните постапки и постапките за порамнување, подготвена од страна на Советот за радиодифузија, која го опфаќа периодот од 1 јануари до 30 јуни 2013 година, од вкупно 41 спроведена постапка за порамнување, 22 завршиле успешно, а 19 не биле успешни. Од овие 19 неуспешни порамнувања, за кои Советот поведе постапка пред надлежниот суд, до моментот на пишувањето на овој извештај,

4 прекршочни постапки се завршени со донесена првостепена пресуда, а 15 се во тек. [7]

Советот, при определени (поблаги) прекршоци од страна на радиодифузерите, најчесто како прва мерка им упатува укажување. Притоа, оваа мерка воопшто не е предвидена во Законот за радиодифузна дејност и во Деловникот на Советот.

Во случаите кога за определен прекршок Законот предвидува глоба, односно поведување прекршочна постапка, Советот му упатува укажување на тој радиодифузер. Ако по втор пат радиодифузерот го прекршува истиот член, му се испраќа писмена опомена. Ако прекршувањето е по трет пат, се изрекува писмена опомена со објавување, па така, казната која е предвидена со Закон се изрекува само доколку истиот член се прекршува во неколку наврати. Ова, очигледно, претставува несоодветна примена на законите од страна на Советот за радиодифузија.

Ваквата пракса која Советот ја креирал со години треба да се промени. При прекршување определен член треба директно да се применува Законот, а не на радиодифузерот да му се даде неколку пати шанса за поправка на однесувањето. Примери за вакви изрекувања казни имаше за време на изборната кампања во март 2013 година, кога, на пример, радиодифузерот вршел прикриено рекламирање или не го означувал нарачателот на платеното политичко рекламирање, за што Советот на овие радиодифузери им упатуваше само укажувања. За таквите прекршоци, Законот за радиодифузна дејност предвидува глоба од 4.000 до 5.000 евра. Слични глоби се предвидени и во Изборниот законик. Со исклучок на случаите кога станува збор за минимални прекршувања (на пример, еден радиодифузер го пречекорува времето за рекламирање за неколку секунди), Советот треба да ја примени казната предвидена со Закон, односно да поведе прекршочна постапка, а понатаму судовите да одлучат дали тој радиодифузер ќе биде казнет или не.

---

7 Треба да се забележи фактот дека во прекршочните одделенија на надлежните судови во Република Македонија, од досегашното искуство од спроведените прекршочни постапки пред судовите во 2013 година, преовладува тенденцијата на изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум со примена на олеснителните околности предвидени во Законот за прекршоците. Досегашното искуство зборува дека во судските прекршочни постапки, можно е да се случи и да дојде до избегнување на казната во случај кога поради убедувањето на предметниот судија се одлучува на обвинетите да им биде изречена судска опомена. Меѓутоа, по стапувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоци („Службен весник на Република Македонија", бр. 51/2011), според кој „кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, а со закон е пропишана минимум глоба, глобата може да се ублажи за една третина од минимум пропишана глоба", се јавува тенденцијата на напуштање на востановената пракса на судовите за изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум, Правна анализа на резултатите од спроведените постапки за порамнување и поведените прекршочни постапки против радиодифузерите (во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2013 година), Совет за радиодифузија, јули, 2013 година.

За време на изборите имаше многу случаи кога определен радиодифузер беше казнет со определена мерка, или против него беше поведена прекршочна постапка, при што тој беше должен да го докаже спротивното. Според член 85 од ЗРД, радиодифузерите се должни да ги чуваат снимките од својата целокупна програма најмалку 30 дена по емитувањето. За време на мониторингот се случуваше некој радиодифузер да испрати снимка од програмата со цел да докаже дека работел во согласност со Законот, а стручната служба на СРД да констатира дека станува збор за фалсификувана, односно монтирана снимка. Затоа препорачуваме, во иднина, да му се додаде законска обврска на Советот да ги чува снимките за сите радиодифузери. Едновремено, потребно е да се предвиди и санкција за радиодифузерите кои доставуваат фалсификувани или монтирани снимки.

# VI.ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

На 17 април 2013 година, поточно на 19-тата седница, Советот објави конкурс за доделување една дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување и пренос на телевизиски програмски сервис на државно ниво. Образложението на претседателот на Советот беше дека во текот на минатата година биле одземени многу дозволи за вршење радиодифузна дејност и дека според истражувањето на јавното мислење направено од страна на регулаторното тело, јавноста има потреба од нова телевизија од забавен формат. На истата седница беше објавен и конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување и пренос на радио програмски сервис. На оваа седница се одвиваше долга дискусија меѓу неколку членови на Советот. Имаше забелешки од еден член на Советот дека материјалите кои се однесуваат на оваа точка им биле доставени доцна и дека немале доволно време да ги прочитаат. Претседателот на Советот реагираше, велејќи дека членовите имале доволно време да ги разгледаат сите материјали кои им биле доставени. И заменикот на претседателот на Советот го изрази своето изненадување во врска со објавениот конкурс и наведе дека ќе гласа против, иако се согласуваше дека има потреба од нов радиодифузер. Причината за неговиот став беше тоа што доделувањето на дозволата се спроведува само 2 месеци пред процесот на дигитализација.

Исто така, од страна на членовите на Советот имаше предлог во иднина да се отвори нов конкурс за доделување дозвола за телевизија на албански јазик, кој до моментот на пишувањето на овој извештај не е усвоен. Предлогот да се објави конкурс за вршење радиодифузна дејност за телевизија и радио на државно ниво се усвои на истата седница. По 30 дена и по анализирањето на доставените понуди од страна на Комисијата составена од три члена на Советот, дозволата за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервис ѝ беше

доделена на Телевизија Алфа.

Од страна на ЦРМ, на 30 мај 2013 година, беа побарани информации за сите доставени понуди на објавениот конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност. На 12 јуни 2013 година, Советот ни одговори дека тие податоци не се наоѓаат на списокот на информации од јавен карактер. ЦРМ поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и нејзиниот одговор го потврдува одговорот на СРД.

Од следењето на овој процес може да се заклучи дека СРД не е транспарентен во постапката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност. Начинот на одвивање на целиот процес, односно брзината на спроведувањето и тајноста на постапката, отвора сериозни дилеми и сомнежи, како, на пример, дали веќе однапред било одлучено кој ќе ја добие дозволата за вршење радиодифузна дејност, без разлика колку и какви понуди ќе бидат доставени до СРД?

Истата забелешка се однесува и на дозволата за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на радио програмски сервис, која беше доделена на 35-тата седница, одржана на 15 јули 2013 година, и која ја доби Радио Равел. Претседателот на Комисијата која ги разгледувала понудите, а која била составена од тројца членови на Советот, го образложи мислењето на Комисијата зошто и на кој начин овој субјект ги исполнил условите на поквалитетен начин од другиот пријавен субјект - Радио Либертас.

Комисијата ги разгледала понудите од неколку аспекти, како, на пример, која од нив нуди поголема просторија, поголем број вработувања итн. Самиот претседател на оваа Комисија истакна дека станува збор за чисто математичко сметање на исполнувањето на условите, односно на бодовите кои ги добиваат кандидатите за дозвола.

Ваквиот начин на процена на исполнувањето на условите не е соодветен кога станува збор за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност. Наместо процесот на оценување да се сведува на чисто собирање на добиените бодови (кои ги определуваат членовите на истата комисија), треба да се воведе нов квалитативен и потранспарентен начин на оценување на кандидатите.

Едновремно, мора да се нагласи дека на седницата на која беше доделена дозволата, двајца членови имаа забелешки за изборот.[8] Притоа,

8 Еден член на Советот даде забелешка дека, иако овој субјект во понудата има предвидено дека ќе вработи девет новинари (за разлика од другиот кој предвидуваше тројца новинари), само двајца од тие девет се со завршено високо образование. Исто така, по забелешката на еден од членовите дека не било ништо спомнато во врска со финансиската способност, претседателот на Комисијата која ги разгледувала понудите истакна дека апликантот кој не ја доби дозволата пратил гаранција од донатор дека ќе добие 600.000 евра, за разлика од апликантот кој ја доби дозволата, а кој на сметка имал 20.000 евра. Оправдувањето од претседателот на Комисијата беше дека, иако донаторот гарантирал поголема сума пари, сепак, тоа не е доволно, бидејќи постоела можност тие средства воопшто да не ги донира.

претседателот на Комисијата ја истакна неизвесноста на финансирањето на субјектот кој не ја доби дозволата, и покрај дадената гаранција од страна на донаторите за далеку повисока сума од онаа на субјектот кој го доби конкурсот.

Начинот на размислување на членовите на Советот, како и начинот на донесување на одлуките, не гарантира непристрасност. Предлагаме да се преиспита начинот на доделувањето на дозволите, да се овозможи поголема транспарентност во работењето и, секако, да се овозможат ефикасни правни лекови во случај кога понудувачите се сомневаат во исправноста на оценката и одлуката на Советот.

## VII. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

На 31 мај 2013 година, во Македонија се исклучи аналогниот телевизиски сигнал и од 1 јуни 2013 година почна да се емитува дигитален сигнал. Кон крајот на мај 2013 година беа направени и измени на ЗРД за да се овозможи дигитализацијата на телевизијата. Иако сите телевизии преминаа од аналоген кон дигитален сигнал, само МРТ имаше застој во овој процес. До средината на јули, иако поминаа 45 дена од денот на дигитализацијата, овој радиодифузер уште зрачеше аналоген сигнал, за што имаше многу критики од страна на сопствениците на другите телевизии. За ова прашање во СРД воопшто не се дискутираше до 3 јули 2013, кога на 33-тата седница на Советот, заменик-претседателот предложи да се дискутира и да се закаже средба со директорот на МРТ.

На 34-тата седница, по одржаниот состанок на претседателот и заменик-претседателот на Советот со директорот на МРТ, заменик-претседателот наведе дека јавниот радиодифузен сервис уште зрачи аналоген сигнал бидејќи не успеал на време да ја монтира опремата што е потребна за успешен премин од аналоген кон дигитален сигнал. Тој истакна дека до крајот на август 2013 година јавниот радиодифузер ќе заврши со монтирањето на опремата и ќе почне со емитувањето дигитален сигнал. Меѓутоа, до денот на објавувањето на овој извештај, јавниот радиодифузен сервис уште е единствениот радиодифузер кој зрачи аналоген сигнал.

За ваковото задоцнување МРТ не трпи никакви санкции, односно СРД не презеде никакви казнени мерки. Ваквата практика треба да биде надмината и СРД треба да се грижи за почитување на законските обврски од страна на сите радиодифузери подеднакво.

Советот, на 2 јули 2013 година, одржа јавна седница со сопствениците на телевизиите и радијата, како и со сопствениците, односно претставниците на кабелските оператори, на која учествуваше и директорот на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК). Целта на овој состанок беше да се ислушаат и сопствениците на радиодифузерите и оние од кабелските оператори, и да се пронајде зедничко решение откако со дигитализацијата

се појавија многу незадоволни страни. Сопствениците главно се жалеа дека кабелските оператори не нудат исти услови за сите медиуми и дека бараат да им купат енкодери, што за радиодифузерите претставува дополнителен трошок од неколку илјади евра. Сопствениците предложија да им се наложи на кабелските оператори, при реемитување да им се даде предност на домашните медиуми. Ова особено поради тоа што некои регионални домашни телевизии се реемитуваат само од страна на еден или два кабелски оператори и на тој начин не постигнуваат доволен број гледачи. Со овој проблем најмногу се соочуваат албанските радиодифузери, кои се чувствуваат загрозени од страна на медиумите од Косово и Албанија.

На оваа средба, претседателот на Советот и директорот на АЕК, како решение на проблемите со кои се соочуваат радиодифузерите по дигитализацијата, предложија радиодифузерите да испратат барање до АЕК со кое на конкретен начин ќе побараат од оваа институција да им излезе во пресрет. Ова создаде незадоволство кај сопствениците на радиодифузерите, кои истакнаа дека тие бараат конкретно решение и дека процедурата која ја предлага директорот на АЕК досега не се покажала успешна. На крајот на оваа средба, претседателот на СРД и директорот на АЕК најавија дека во автуст 2013 година ќе се одржи уште една ваква средба, меѓутоа тоа не се случи.

# VIII. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Седниците на СРД се јавни и мониторинг-тимот на ЦРМ присуствуваше на нив. Сепак, јавноста на седниците, во неколку ситуации, беше сериозно нарушена. На некои седници, присутните новинари и монитори беа приморани да ја напуштат салата бидејќи членовите на СРД требаше претходно да се координираат.

   „Координацијата“ како начин на работа на Советот не е предвидена со ниту еден акт и таа ја загрозува јавноста на седниците, затоа што членовите на СРД не треба претходно и „зад врата“ да ги усогласуваат своите ставови и мислења, туку треба на самите седници, самостојно и независно, да дискутираат и да гласаат за сите прашања од дневниот ред.

   Со други зборови, „координацијата“ ја загрозува транспарентноста во работењето на Советот и нема никаква законска поткрепа. Имајќи го предвид ова, СРД треба да ја укине „координацијата“ или, пак, прецизно и детално да ја регулира, но притоа, во никој случај, таа не смее да се користи како начин за заобиколување на јавноста и за донесување одлуки „зад затворени врати“.

2. Практиката на исклучување на јавноста од седниците се применуваше и при донесувањето неколку одлуки што се однесуваат на финансирањето на Советот, односно на орочување на средствата на

Советот за радиодифузија. Пред изјаснувањето на членовите за оваа точка, претседателот на Советот побара сите новинари да ја напуштат салата. Кога заврши со седницата, на нашето прашање зошто бевме отстранети, добивме одговор дека така постапиле со цел новинарите да не дознаат за каматните стапки што ги нуди банката бидејќи таква е нејзината политиката. Во овој случај треба да се истакне дека Советот противзаконски ги отстрани новинарите од седницата, но и дека орочувањето парични средствата во банка е противзаконско затоа што СРД е непрофитна организација.

3. Седниците на СРД не ретко се закажуваат само еден ден, па дури и само неколку часа пред нивното одржување. Ова е во спротивност со Деловникот. Во неколку случаи, во последен момент се менуваше дневниот ред, и тоа во однос на многу важни и клучни прашања. Таков пример е 19-тата седница, одржана на 17 април 2013 година, на која, на предлог на претседателот на Советот, беше сменет дневниот ред, односно беше додадена точката за објавување конкурс за доделување две дозволи за вршење радиодифузна дејност. Еден член на Советот бараше оваа точка од дневниот ред да се одложи, бидејќи материјалите им беа доставени многу доцна. Неговото барање не беше уважено.

   СРД треба да ја напушти практиката на закажување седници и внесување исклучително важни прашања на дневен ред во „пет до дванаесет“, бидејќи на ваков начин сериозно се нарушуваат транспарентноста и квалитетот на работењето на Советот. На членовите на СРД им се оневозможува темелно и навремено да се информираат и да се подготват за секоја од точките на дневен ред и врз таа основа да донесуваат квалитетни и компетентни одлуки.

4. ЦРМ не беше во состојба целосно да го мониторира процесот на доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност на државно ниво. СРД одби да ни ги достави сите понуди што ги примил во врска со овој конкурс, а образложението беше дека тие документи не се наоѓаат во списокот на документи од јавен карактер.

   Сепак, од следењето на овој процес може да се заклучи дека СРД не беше целосно транспарентен во постапката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност. Начинот на одвивање на целиот процес, односно брзината на спроведувањето и тајноста на постапката, отвора сериозни дилеми и сомнежи, како, на пример, дали веќе однапред било одлучено кој ќе ја добие дозволата за вршење радиодифузна дејност, без разлика колку и какви понуди ќе бидат доставени до СРД?

   Предлагаме да се преиспита начинот на доделувањето на дозволите, да се овозможи поголема транспарентност во работењето и, секако, да се овозможат ефикасни правни лекови во случај кога понудувачите се сомневаат во исправноста на оценката и одлуката на Советот.

5. Иако со Деловникот е предвидено на секоја седница да се усвојува записникот од претходната седница, Советот тоа не го почитува доследно и најчесто на седниците се усвојува записникот од поранешните седници (на пример, од пред три-четири седници).

СРД треба да ја напушти оваа практика на задоцнето усвојување и објавување на записниците од седниците. На ваков начин ќе ја подобри својата транспарентност.

6. Многу често се случува одлуките на СРД да се донесуваат без воопшто да се дискутира за нив од страна на членовите на Советот. Тие не се јавуваат за збор, по што се преминува на гласање за конкретното прашање. Во таа смисла, мора да се спомне дека бројот на членовите кои се активни на седниците е многу мал. Всушност, станува збор за само 3 до 4 члена кои редовно се јавуваат за дискусија и кои пристапуваат критички кон работењето и одлуките на Советот. Тие ги следат записниците пред усвојувањето, ги забележуваат сите недостатоци и ги истакнуваат измените кои записникот треба да ги претрпи. Од друга страна, најголемиот број членови на Советот се пасивни во дискусиите, не учествуваат во дебатите за конкретните прашања што се на дневен ред и, практично, нивното учество на седниците се сведува само на гласање за точките предвидени со дневниот ред. Неактивноста во дискусиите се забележува и кај самиот претседател, чија активност најчесто се сведува само на водење на седниците од технички аспект.

Пасивноста на членовите на СРД, кои не ретко се само гласачка машинерија, неминовно ја наметнува потребата од преиспитување на критериумите за избор на членови на Советот. Од податоците приложени на интернет-страницата на Советот за радиодифузија може да се заклучи дека од вкупно 15 членови, само четворица имаат искуство во медиумската сфера. За да се подобри квалитетот и компетенцијата на СРД, препорачуваме лицата кои се предлагаат за членови на СРД да имаат експертиза и искуство во областа на радиодифузијата, медиумите, новинарството и комуникациите. Собранието на Република Македонија, како институција која ги избира и разрешува членовите на Советот за радиодифузија, треба да покаже поголема одговорност во изборот и именувањето на членовите на СРД.

7. Во периодот на мониторингот, Советот не постапуваше по претставки од граѓаните, затоа што до СРД не беше доставена ниту една претставка од страна на граѓани или граѓански групи. Ова наведува на констатација дека граѓаните најверојатно воопшто не знаат или, пак, немаат доволно информации за можноста да реагираат до Советот.

Имајќи го предвид ова, препорачуваме Советот преку јавна кампања, на пример, на програмите на јавниот радиодифузер, но и преку други форми на промоција, да ги поттикне и информира граѓаните за нивната улога во работата на СРД, но и во подобрувањето на

квалитетот на програмите и содржините на радиодифузерите во Македонија.

8. Од следењето на седниците на СРД се забележува дека Советот при определени (поблаги) прекршоци од страна на радиодифузерите, како прва мерка им упатува укажување. Притоа, оваа мерка воопшто не е предвидена ниту во Законот за радиодифузна дејност ниту во Деловникот на Советот.

   Во случаите кога за некој прекршок Законот предвидува глоба, односно поведување прекршочна постапка, Советот му упатува укажување на тој радиодифузер,. Ако по втор пат радиодифузерот го прекршува истиот член, му се испраќа писмена опомена. Ако прекршувањето е по трет пат, му се изрекува писмена опомена со објавување, па така, казната која е предвидена со Закон се изрекува само доколку истиот член се прекршува во неколку наврати. Ова очигледно претставува несоодветна примена на законите од страна на Советот за радиодифузија.

   Ваквата пракса која Советот ја креирал низ години треба да се промени. При прекршување на оределен член треба директно да се применува Законот, а не на радиодифузерот да му се даде неколку пати шанса за поправка на однесувањето.

9. Советот за радиодифузија врши мониторинг на радиодифузерите и доколку се констатира определен прекршок, СРД упатува мерка или покренува прекршочна постапка. Меѓутоа, Советот нема снимки со кои ќе се докаже дека навистина радиодифузерот извршил прекршување. Товарот на докажување го има радиодифузерот. За време на мониторингот се случуваше радиодифузер да испрати снимка од програмата, со цел да докаже дека работел во согласност со Законот, а стручната служба на СРД да констатира дека станува збор за фалсификувана, односно монтирана снимка.

   Затоа, препорачуваме, во иднина да му се додаде законска обврска на Советот да ги чува снимките за сите радиодифузери. Едновремено, потребно е да се предвиди и санкција за радиодифузерите кои доставуваат фалсификувани или монтирани снимки.

10. Од 1 јуни 2013 година, во Република Македонија почна да се емитува дигитален сигнал. Само МРТ има застој во овој процес. Иако на седница на Советот беше кажано дека во август 2013 година и овој радиодифузер ќе се дигитализира, МРТ сè уште зрачи аналоген сигнал.

    За ваквото задоцнување МРТ не трпи никакви санкции, односно СРД не презеде никакви казнени мерки. Ваквата практика треба да биде надмината и СРД треба да се грижи за почитување на законските обврски од страна на сите радиодифузери подеднакво.